Врз основа на член 14 од Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 224/2018) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 17 декември 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарна здарвствена заштита**

**Член 1**

За извршена здравствена услуга за обезбедување на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита, Фондот плаќа надоместок на организационите единици - аптеки, кој се утврдува на следниот начин:

1. За лековите на рецепт издадени во рамки на определениот месечен износ на квота за организациона единица - аптека, надоместокот се пресметува во висина од 16% на реализираниот износ на квотата, врз основа на референтните цени на лековите, односно фактурни цени на лековите за кои се реализирани рецепти, без пресметан ДДВ.

2. За лековите кои што се издаваат на рецепт на товар на Фондот, а не влегуваат во квота на организациона единица – аптека, надоместокот се утврдува во фиксен износ од 100,00 денари по реализиран рецепт.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2019 година.

Со оваа одлука се поништуваат одлуките со број 02-9770/7 од 25.07.2007 година, број 02-12352/19 од 24.07.2008 година и број 02-12631/8 од 07.09.2010 година.

**Број: 02 -** 21252/2
18. 12. 2018 **година**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Верица Проковиќ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ